РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-929/3
26-07-2024 г.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на ден 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-929/1 од 28.02.2024 година, поднесена од правното лице „-----------------"--------------, со наводи за нелојална конкуренција при вршење на дејноста за погребални услуги во територијата на Општина ---------------, **СЕ ОТФРЛА**.

По разгледување на предметната пријава, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што по пријавените наводи веќе има постапено и донесено одлуки од своја надлежност.

Предметот со број 12-929/1 од 28.02.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет оформен по пријава поднесена од правно лице „---------------" --------------, во која се изнесени наводи за нелојална конкуренција при вршење на дејноста за погребални услуги во територијата на Општина ----------. Имено правното лице „-------------" во -----------, како единствен носител на дозвола за вршење на погребални услуги со број ----/--- со рок на важност до 20.08.2028 година, издадено од ЈП „Градски Гробишта" --------------, при секојдневно работење се соочува со прекршување на одредбите од Законот за гробишта и погребални услуги („Службен Весник на РСМ" бр.136/13), односно прекршување на член 22 став 4 од споменатиот закон, извршено од страна на операторот „-----------------" ---------------.

По разгледување на предметните наводи, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што по пријавените наводи постапил во предмет со број 12-9080/1

од 31.10.2022 година, за кое што одлучил на 88-та седница одржана на 16.06.2023 година со одлука бр.12-1994/1, како и во предмет со број 12-1688/1 од 21.03.2023 година, за кое што одлучил на 87-та седница одржана на 01.06.2023 година со одлука број 12-1688/1.

Имајќи го предвид горенаведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата